**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 12-2870/2

Скопје 11.06.2019г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До:**
**Телевизија Ускана Плус**
**ул. "Методиа Стефаноски", бр.26,**
**Кичево**

**За:**
**Управителот Мунир Мехдиу**

**Предмет**: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер, доставено до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на ден 23.05.2019 година, заверено со наш бр.12-2870/1 од 23.05.2019 година, со кое поставувате 5 (пет) прашања односно барате информации од јавен карактер за Заменик на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Милаим Фетаи, Ви ги доставуваме следните одговори, на Вашите прашања, и тоа:

1. *Колку години е именуван Милаим Фетаи како член на Советот за радиодифузија и после тоа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги?*

- Д-р Милаим Фетаи од основањето на Советот за радиодифузија на Република Македонија во 1997 година, сè до 2003 година ја вршеше функцијата Заменик претседател на Советот. Од мај 2010 година е именуван за Потпретседател на Советот за радиодифузија на Република Македонија, а од јули 2014 година ја врши функцијата Заменик на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. *Дали се побарани и одобрени средства за школување на Милаим Фетаи, ако одговорот е ДА колку пари се наплатени за школарина за Милаим Фетаи од буџетот на СРД и АВМУ и за кои циклуси се уплатени?*

- Да, со Одлука на Советот бр.02-3033/4 од 24.12.1999 година, за признавање на трошоци за постдипломски студии (I, II, III, и IV семестар во школската 1998/99 и 1999/2000), како и за одбрана на магистерска теза во износ од 1.026 ДМ (германски марки),

по семестар или во вкупен износ од 4.104 ДМ (германски марки) за сите четири семестри - Факултет за Политички науки во Загреб, Република Хрватска „Меѓународни односи", се одобрени средства и во 2000-та година се исплатени127.866,50 денари, и

- Со Барање бр.04-4467/1 од 14.12.2011 година се побарани средства за трошоци за оценка и одбрана на докторска дисертација при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Институт за социолошки и политичко – правни истражувања. Со Одлука на Советот бр.02-4602/1 од 23.12.2011 година, одобрени се средства во вкупен износ од 240.000,00 денари, за оценка и одбрана на докторска дисертација, и во 2012-та година се исплатени 240.000,00 денари.

3. *Колку бил бројот на членови (ако му се дозволени средства) кои гласале за одобрување средства на Милаим Фетаи, дали тој лично учествувал на гласањето, дали ја направил разликата неговиот глас и дали гласот за себе бил одлучувачки за да се донесе одлуката за да се школува на име на СРД или на АВМУ?*

- Барањето за одобрување средства за трошоци за оценка и одбрана на докторска дисертација на д-р Милаим Фетаи беше разгледано на 20-та седница на Советот за радиодифузија одржана на 20.12.2011 година. Советот тогаш броеше 15 членови. Заменикот на претседател0т, Милаим Фетаи гласал „За" предлогот и со неговиот глас вкупниот број на членови кои гласале за одобрување на средствата е осум, односно „За" гласале: м-р Зоран Стефаноски, акад Бојан Шоптрајанов, проф. д-р Томе Груевски, Столе Наумов, Селвер Ајдини, Замир Мемети, акад. Али Алиу и Милаим Фетаи. „Против" гласале шест членови на Советот: м-р Зоран Трајчевски, Лазо Петрушевски, Методи Стоименовски, Методија Јанчески, м-р Алма Машовиќ и м-р Борис Арсов и „Воздржан" бил еден член на Советот - Бранко Радован0виќ.

4. *Дали против Милаим Фетаи е поднесена тужба пред Основен суд – Гостивар од страна на АВМУ за непочитувањето на одлуките на СРД или АВМУ?*

- Да, против Милаим Фетаи, Агенцијата поднела тужба во јануари 2017 година пред Основениот суд Гостивар. Во мај 2017 година, од страна на тужениот, до Осн0вниот суд Гостивар доставен е одговор на тужба. Осн0вни0т суд Гостивар а0 септември 2017 година донесе пресуда, со која тужбеното барање на Агенцијата се одбива како неосновано. Во н0ември 2017 година, Агенцијата ја 0бжали пресудата, а истиот месец тужениот достави Одговор на жалба. Апелаци0ниот суд Гостивар, во јули 2018 година, донесе Решение со кое жалбата на Агенцијата се уважува и предметот беше вратен на повторно одлучување до Осн0вниот суд Гостивар, со соодветни напатствија по кои треба да постапи основниот суд. Но и покрај јасните напатствија од Апелациониот суд Гостивар, при п0вторното одлучување, Основниот суд Гостивар во н0ември 2018 година донесе Пресуда со која тужбеното барање на Агенцијата се одбива како не0сн0вано. Агенцијата в0 декември 201а година вложи жалба и на оваа Пресуда. Предметната жалбена постапка се уште е в0 тек.

*5. Колку се месечните примања пуштени од страна на АВМУ за Милаим Фетаи и дали зема средства за одвоен живот, ако зема но кој основ ги прима?*

- На г-динот Милаим Фетаи, како заменик претседател на Советот на Агенцијата месечно како надоместок му се исплаќаат 3,7 просечни месечни нето плати, кој во месец мај 2019 година изнесуваше 90.983,00 денари вкупен нето надоместок, додека за одвоен живот не зема и не му се исплаќаат парични средства.

Со почит,

Службено лице при остварување на правото
на слободен пристап до информации,

Цветанка Митревска

**Имател на информација**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**